

# КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР.43, ДЕКЕМВРИ 2022

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СЕ ОДРЖА КООРДИНАТИВЕН СОСТАНОК ЗА ТЕКОТ НА ПОНАТАМОШНОТО РАБОТЕЊЕ НА МЕРНИТЕ АГРОМЕТЕОРОЛОШКИ СТАНИЦИ КОИ ГИ ПОСТАВИ НАШАТА ОПШТИНАТА СО ПОМОШ НА ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА (ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ) НА КОЈ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА УЛОГАТА, ЗНАЧЕЊЕТО И ПРИДОБИВКИТЕ ОД МОДЕРНОТО SMART ЗЕМЈОДЕЛСТВО.

НА СОСТАНОКОТ БЕА ПРИСУТНИ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПОДРАЧНОТА ЕДИНИЦА НА МЗШВ, ТИКВЕШКИТЕ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ, ЗДРУЖЕНИЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИ, ВИНАРСКИ ВИЗБИ И ЗЕМЈОДЕЛСКИ АПТЕКИ И НА ИСТИОТ СЕ ДОНЕСОА НЕКОЛКУ ЗАКЛУЧОЦИ И ТОА:

- ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО,
- ПРЕДВИДУВАЊЕ НА БУЏЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ,
- ФОРМИРАЊЕ НА БАЗА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИ ПО РЕОНИ,
- НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ОД ФОРМИРАНАТА БАЗА,
- ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БРОЈОТ НА МЕТОРОЛОШКИ СТАНИЦИ И ДРУГО.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗАЕДНО СО КООРДИНАТИВНОТО ТЕЛО ЌЕ ПРОДОЛЖИ СО КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО СИТЕ ЧИНИТЕЛИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО СЕ СО ЦЕЛ ЗА ПОДОБРО И ПОКВАЛИТЕТНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО.



ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВА УРБАНА ОПРЕМА – КЛУПИ НА ПОВЕЌЕ ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА ВО ГРАДОТ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЗД ГОРАН.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПРЕКУ ПРОГРАМАТА Г1 ОД БУЏЕТОТ ЗА 2022 ГОДИНА ГО ФИНАСИРАШЕ ПРОЕКТОТ „ПАТЕКА ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ - ЗЕЛЕН РИД - ЛИПИТЕ" НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЕКО ИНДИКАТОР.ПРЕКУ ИСТИОТ БЕШЕ ОБЕЛЕЖАНА ТРАСА ВО ДОЛЖИНА ОД 4,5 КМ НА КОЈА БЕА ПОСТАВЕНИ ДВЕ ИНФОРМАТИВНИ ТАБЛИ, ДЕСЕТ ПАТОКАЗНИ ТАБЛИ, ПОСАДЕНИ ДЕСЕТ ЗИМЗЕЛЕНИ САДНИЦИ И БЕШЕ ИЗГРАДЕН ЛЕТНИКОВЕЦ. ВО ВТОРАТА ФАЗА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ СО ДОУРЕДУВАЊЕ НА САМАТА ЛОКАЦИЈА ПРЕКУ ПОСТАВУВАЊЕ НА КЛУПИ, ОТПАДНИ КОРПИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОСТАВЕНИОТ ЛЕТНИКОВЕЦ.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

АСФАЛТИРАЊЕ НА ЕДНА ОД УЛИЦИТЕ ВО СЕЛО СОПОТ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ЕВРОГРАДБА ОД СТРУМИЦА.





НА ЛОКАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ – БЕГНИШТЕ СЕ ИЗВРШИ КОРЕКЦИЈА НА КАНАВКИТЕ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА.




ЗАПАДЕН БУЛЕВАР СВЕТНА ПОСЛЕ ЧЕТИРИЕСЕТ ГОДИНИ!
ОТКАКО ПРЕТХОДНО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ВОДОВОДНА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА, СЕ АСФАЛТИРАШЕ, СЕГА Е И СО КОМПЛЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ИНВЕСТИЦИЈАТА ЧИНИ 25.000.000 ДЕНАРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ЗАСАДУВАЊЕ НА НОВИ 160 ДРВА И ОБНОВУВАЊЕ НА ПОСТОЕЧКИТЕ ДРВОРЕДИ ВО КАВАДАРЦИ.





ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ПРОЕКТОТ НА УСАИД - „ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЗА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ".
КАКО ЕДНА ОД ПАРТНЕР ОПШТИНИТЕ, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЌЕ РАБОТИ НА РЕШАВАЊЕ НА КЛУЧНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА.

ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЛ. „БРАЌА ЏУНОВИ" ПО БАРАЊЕ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА СЛОГА, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОДГОТОВКИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ДВА ПРИСТАПНИ КРАКА НА УЛ. „ПРОЛЕТЕРСКА" ПО ПРОГРАМАТА ЗА 2022 ГОДИНА, НА БАРАЊЕ НА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗАДРУГАР
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.



АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „МИТО ХАЦИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" ПРВ СЛОЈ, ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ НИВЕЛИРАЊЕ НА ШАХТИ И АСФАЛТИРАЊЕ НА ВТОР СЛОЈ. ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА КАКО И АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА КОЕ Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ.
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.






СО ГРЕБЕН АСФАЛТ СЕ ТАМПОНИРАШЕ ПЕРИФЕРНИОТ ДЕЛ НА СЕЛО СОПОТ, ШТО ВО ИДНИНА ЌЕ ОВОЗМОЖИ ДА СЕ НАМАЛИ ВНЕСОТ НА ЗЕМЈА ОД ПОЛСКИТЕ ПАТИШТА ВО СЕЛОТО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 100М2 ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ, НА КОЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, НОВИ ДЕТСКИ РЕКВИЗИТИ, НОВА УРБАНА ОПРЕМА И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М.





КОМПЛЕТНО Е ЗАВРШЕНО НОВОТО ИГРАЛИШТЕ КОЕ Е ВО СКЛОП НА СПОРТСКИОТ ЦЕНТАР ЈАСМИН, НА КОЕ БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, БЕА МОНТИРАНИ 11 ФИТНЕС СПРАВИ, ОД КОИ ДЕЛ СЕ ПРИСПОСОБЕНИ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП -М И М



ВО ФУНКЦИЈА СТАВЕНИ СЕМАФОРИТЕ НА УЛ. „ШИШКА", НА КОЈА ДОПОЛНИТЕЛНО СЕ ПОСТАВИ И СЕМАФОР НА КОЈ ЗАРАДИ БЕЗБЕДНОСТ И РЕГУЛИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ, СО ПОМОШ НА ЈАМКИ СЕ АКТИВИРА ЦРВЕНО ПРИ ИЗЛЕЗ НА ВОЗИЛАТА ОД ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ. ИСТО ТАКА СЕ ПОСТАВЕНИ И СЕМАФОРИ ЗА ПЕШАЦИ, КОИ ПО ПОТРЕБА СЕ АКТИВИРААТ СО ТАСТЕР НА ИСТИТЕ.
ИСТО ТАКА ПОСТАВЕНИ СЕ СЕМАФОРИ СО ЈАМКИ И НА УЛ. „ВИШЕШНИЦА" СПОЈ СО НАСЕЛБА БЕЛ КАМЕН - КАЈ КАПЕЛАТА, КОИ ВЕЌЕ ОД УТРЕ ЌЕ БИДАТ ВО ФУНКЦИЈА ЗАРАДИ ПОГОЛЕМА БЕЗБЕДНОСТ И РЕГУЛИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ВО ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА ФЕКАЛНИОТ КОЛЕКТОР ВО ДОЛЖИНА ОД 560 МЕТРИ НА УЛ. „ДИМКАТА АНГЕЛОВ ГАБЕРОТ". ИНВЕСТИЦИЈА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ, И САМОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ Е И ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ.



НА БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗАДРУГАР ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА, ПРОБИЕНИ ПО ШТО ЌЕ СЕ ПОПЛОЧАТ СО КОЦКИ СЕ УШТЕ ДВА ПРИСТАПА НА УЛИЦАТА ГАЛИШКА
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





КОМПЛЕТНО УРЕДЕН Е ДВОРОТ НА ЦРКВАТА „СВЕТИ НИКОЛА" ВО МРЗЕН, ОРАОВЕЦ СО СТО КВАДРАТИ БЕХАТОН КОЦКИ, ПО БАРАЊЕ НА ЦРКОВНИОТ ОДБОР.
ИСТИТЕ СЕ ДОНАЦИЈА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, А ПРЕВОЗОТ Е ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОСЛЕ ТРИЕСЕТ ГОДИНИ, НА БАРАЊЕ НА МЕСНАТА ЗАЕДНИЦА ЗАДРУГАР ПО ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА, ПРОБИЕНИ И ПОПЛОЧЕНИ СО КОЦКИ УШТЕ ДВА ПРИСТАПА НА УЛИЦАТА ГАЛИШКА
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ.





ПОДГОТОВКИ ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО СЕЛО РАЕЦ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ .



НОВО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО СЕЛО СОПОТ. ПОСЛЕ БЕТОНИРАЊЕТО БЕШЕ ПОСТАВЕНА ГУМЕНА ПОДЛОГА, ПО ШТО СЛЕДУВА И МОНТИРАЊЕ НА РЕКВИЗИТИ
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ КАВАДАРЦИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ПОТПИША ДОГОВОР СО ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИСКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА "РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО " , СО ШТО ОФИЦИЈАЛНО ЌЕ ЗАПОЧНЕ ПОСТАПКА ЗА ИЗГРАДБА НА ИСТИОТ.

СО ОВОЈ ПРОЕКТ ПРЕКУ ТРЕТИРАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ МИЛЕНИЦИ ОД СТРАНА НА СТРУЧНИТЕ СЛУЖБИ ОД СТАЦИОНАРОТ ЌЕ ПОСТИГНЕМЕ НЕКОЛКУ СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ НА НИВО НА РЕГИОНОТ КАКО ПОДИГНУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТАВО РЕГИОНОТ И НАМАЛУВАЊЕ НА ШТЕТИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД БЕЗДОМНИТЕ ЖИВОТНИ, НО ПРЕД СЕ НИВНО ЗГРИЖУВАЊЕ И ГРИЖА ЗА ИСТИТЕ.

ПРОЕКТОТ Е ФИНАНСИРАН ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ШВАЈЦАРСКАТА АМБАСАДА, ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 20.916.000,00 ДЕНАРИ.

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВА СО ЗЕМЈИШТЕ И ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ НА РЕГИОНАЛНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИТЕ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНОТО ЗДРАВСТВО .





ПО ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ ЗА ГЛАВНАТА ВОДОВОДНА ЛИНИЈА ВО НАСЕЛБА БРУШАНИ ВО ДОЛЖИНА ОД 4,755 МЕТРИ ПРИМАРНА МРЕЖА И СЕКУНДАРНА МРЕЖА ВО ДОЛЖИНА ОД 10,627 МЕТРИ ПРЕКУ ТАВ, КАКО ГРАНТ ЗА ОПШТИНАТА РЕАЛИЗИРАНИ СЕ И ПРИКЛУЧОЦИ ЗА СИТЕ ВИКЕНД КУЌИ ОД ОВАА НАСЕЛБА, ШТО ЗНАЧИ ДВЕТЕ ФАЗИ ОД ПРОЕКТОТ СЕ РЕАЛИЗИРАНИ

СЕ ЗАВРШИ ПОСЛЕДНАТА И ТРЕТА ФАЗА ОД ПРОЕКТОТ ОД ОВАА ПРОГРАМА, СО ШТО ЦЕЛА НАСЕЛБА БРУШАНИ Е БИДЕ ПОКРИЕНА СО ВОДОВОДНА ЛИНИЈА.

ЦЕЛОСНА ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВРЕДНОСТ ОД 5.000 000 ДЕНАРИ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ПОПЛОЧУВАЊЕ ВО СЕЛО БОЈАНЧИШТЕ ПО ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА
2022 ГОДИНА
ИЗВЕДУВАЧ ГРАДБА ПРОМЕТ

БЕТОНИРАЊЕ НА ПОТПОРНИОТ ЅИД НА УЛ. „25 МАЈ" ВО ДОЛЖИНА ОД 30 МЕТРИ И СО ВИСИНА ОД 3 МЕТРИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е БЕТОН ГРУП М И М КАВАДАРЦИ.



ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГОДИНАВА ЗАБЕЛЕЖА ИСТОРИСКИ ВИСОК ПРОЦЕНТ НА БУЏЕТСКА РЕАЛИЗАЦИЈА ОД 98.2 ПРОЦЕНТИ, ШТО ДО СЕГА НЕ Е СЛУЧАЈ ВО НИТУ ЕДНА ОПШТИНА ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА
СПОРЕД ОВА, СЕ ОЧЕКУВА ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА БУЏЕТОТ ДА БИДЕ ЦЕЛОСНО РЕАЛИЗИРАН

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТАРИТЕ НА УЛ. „7-МИ СЕПТЕМВРИ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО СЕ ПОСТАВИЈА СИТЕ ПОДЗЕМНИ ИНСТАЛАЦИИ ОД ОПЕРАТОРИТЕ, КАКО И СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ ЗА ДРВЈАТА ШТО ЌЕ СЕ САДАТ ВО ИДНИНА






НА ДЕТСКОТО ИГРАЛИШТЕ НА БУЛ. „НИКОЛА МИНЧЕВ", СЕ ПОСТАВИ ЗАШТИТНА ДРВЕНА ОГРАДА ПО БАРАЊЕ НА СТАНАРИТЕ.

ПОСТАВЕНИ СЕ ГУМЕНИ ТОПКИ ЗА СМИРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПОВЕЌЕ УЛИЦИ ВО ГРАДОТ ОД КОИ И НА „БРАЌА ЏУНОВИ" „БЛАЖО АЛЕКСОВ", „ЌИРО КРСТЕВ" И ДРУГИ.



ВО КАВАДАРЦИ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, СО ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ОД ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, НЕГОТИНО И СВЕТИ НИКОЛЕ ПРИСУСТВУВАА НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ЧЕТИРИ ПРОТИВПОЖАРНИ ВОЗИЛА, ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЧЕТИРИТЕ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ОД ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.

ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ОВОЈ ПРОЕКТ ИЗНЕСУВА 32.000.000 ДЕНАРИ ОД КОИ 24 МИЛИОНИ СЕ ОБЕЗБЕДЕНИ ПРЕКУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА, А 8 МИЛИОНИ СЕ КОФИНАНСИРАЊЕ ОД ЧЕТИРИТЕ ОПШТИНИ.

СО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ СЕ ЗАЈАКНУВААТ КАПАЦИТЕТИ НА ЧЕТИРИТЕ ТЕРИТОРИЈАЛНИ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ КОИ ШТО ЌЕ ГИ ПОКРИВААТ И ОСТАНАТИТЕ ПЕТ ОПШТИНИ ОД ВАРДАРСКИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН КОГА И ДА Е ТОА ПОТРЕБНО.



# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ



ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА И ПАРКИНГ МЕСТА НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" СПОЈ СО УЛ. „ИЛИНДЕНСКА".




ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД ДВОРОТ И ТРЕМОТ НА ЦРКВАТА „СВ. НИКОЛА" ВО МРЗЕН ОРАОВЕЦ ДОБИЈА НОВ ЛИК БЛАГОДАРЕНИЕ НА ЗАЕДНИЧКАТА ЗАЛОЖБА НА МРЗЕНЦИ, ДОНАЦИИТЕ И ПОДДРШКАТА ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ.

ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПНА УЛИЦА ДО ПАМ ТРАК ПАТЕКА СО КОМПЛЕТНО ОСВЕТЛУВАЊЕ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ.
ВРЕДНОСТА НА ДОГОВОРОТ Е 1.498.718 ДЕНАРИ СО ДДВ.





АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛИЦАТА „ВИШЕШНИЦА" ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ НИВЕЛИРАЊЕ НА ШАХТИ. ПРЕТХОДНО СЕ РЕКОНСТРУИРАШЕ ВОДОВОДНАТА ЛИНИЈА КАКО И АТМОСФЕРСКАТА И ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА КОЕ Е ВО СКЛОП НА ПРОЕКТОТ ОД ГЕРМАНСКАТА КФВ БАНКА, ВО СОРАБОТКА СО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И ЈП КОМУНАЛЕЦ
ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ЖИКОЛ.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФУДБАЛСКОТО ИГРАЛИШТЕ ВО НАСЕЛБА ГЛИШИЌ, И ПОСТАВУВАЊЕ НА ЦЕЛОСНО НОВ СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ И НОВА ТРЕВА.
КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ!





ШТОТУКУ ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕТО ВО СЕЛО РАЕЦ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2022 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ Е ГРАДБА ПРОМЕТ

ИЗГРАДБА НА УШТЕ ЕДНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ КОЕ СЕ НАОЃА ВО МЕСНОСТА ОПИТНО ПОЛЕ, ОДНОСНО ВЕДНАШ ДО ВЕЌЕ ИЗГРАДЕНАТА ПАМ ТРАК ПАТЕКА. СЕ БЕТОНИРАШЕ, ПО ШТО СЛЕДИ ПОСТАВУВАЊЕ НА ГУМЕНА ПОДЛОГА И РЕКВИЗИТИ.
ИЗВЕДУВАЧ Е АС МАШИНИ ДООЕЛ КАВАДАРЦИ



ЗАВРШНА ФАЗА НА АСФАЛТИРАЊЕ НА УЛ. „МИТО ХАЏИВАСИЛЕВ ЈАСМИН" КАДЕ ШТО ПРЕТХОДНО БЕШЕ РЕКОНСТРУИРАНА ВОДОВОДНАТА МРЕЖА, ФЕКАЛНА И АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА И СЕ ПОСТАВИЈА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ ПОДЗЕМНИ КАБЛИ, ПО ШТО СЕ ПОСТАВИЈА И ТРОТОАРИ СО ДРВОРЕД
ИЗВЕДУВАЧ Е ЖИКОЛ.



# ОБРАЗОВАНИЕ

## МЕЃУНАРОДНИ ОБРАЗОВНИ ИСКУСТВА ВО УЧИЛИШТЕТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ ОД КАВАДАРЦИ

УЧИЛИШТЕТО ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, КАКО ДОБИТНИК НА АКРЕДИТАЦИЈА ЗА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ПРЕКУ ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС ПЛУС ФИНАНСИРАНО ОД МАКЕДОНСКАТА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И МОБИЛНОСТ, РЕАЛИЗИРА ТРИ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВАА ВО ПЕРИОД ОД МЕСЕЦ АВГУСТ ДО МЕСЕЦ НОЕМВРИ : ГРУПНА МОБИЛНОСТ НА УЧЕНИЦИ ВО СТАВЕРН, НОРВЕШКА, ПОСЕТА НА КУРС ЗА ИКТ ВЕШТИНИ И ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ЛИМАСОЛ, КИПАР, КАКО И СЛЕДЕЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС ВО ПАРТНЕР УЧИЛИШТЕ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА.

ДЕСЕТ УЧЕНИЦИ И ДВАЈЦА НАСТАВНИЦИ ПРИСУСТВУВАА НА НАСТАВА ВО УЧИЛИШТЕ ВО ГРАДОТ СТАВЕРН, НОРВЕШКА КАДЕ ЗАЕДНО СО УЧЕНИЦИТЕ ОД НОРВЕШКОТО УЧИЛИШТЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА НАУЧАТ МНОГУ РАБОТИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕТО ВО НОРВЕШКА, ДА НАПРАВАТ СПОРЕДБА СО НАШИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ И ДА ГО СПОДЕЛАТ НАУЧЕНОТО СО НИВНИТЕ ВРСНИЦИ ВО НИВНОТО УЧИЛИШТЕ ПО ВРАЌАЊЕТО ДОМА. УЧЕНИЦИТЕ НА ПОКАНА ОД НИВНИТЕ СОУЧЕНИЦИ, ИМАА МОЖНОСТ ДА ПОМИНАТ ДЕН ВО НОРВЕШКО СЕМЕЈСТВО ПРИ ШТО СЕ ЗАПОЗНАА СО НОРВЕШКАТА КУЛТУРА И ОБИЧАИ, ШТО ЗА НИВ БЕШЕ ЕДНО НЕЗАБОРАВНО И НЕСЕКОЈДНЕВНО ИСКУСТВО. КАКО ДЕЛ ОД СЛОБОДНИТЕ АКТИВНОСТИ, УЧЕНИЦИТЕ ПОСЕТИЈА ЗАБАВЕН ПАРК КОЈ РАБОТИ ИСКЛУЧИВО НА ОДРЖЛИВИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ГРЕЕЊЕ И ГИ ПОЧИТУВА СИТЕ ЕКО ЕНЕРГЕТСКИ СТНДАРДИ.



ЕДЕН НАСТАВНИК ПОСЕТИ КУРС ЗА ПРИМЕНА НА ИКТ ВЕШТИНИ ВО НАСТАВАТА ВО ЛИМАСОЛ, КИПАР КАДЕ БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ НАЈНОВИТЕ ДОСТИГНУВАЊА ВО ИНФОРМАТИЧКАТА ТЕХНОЛОГИЈА КОИ УСПЕШНО МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНАТ ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС. ВО ИСТАТА ОРГАНИЗАЦИЈА БЕШЕ И ЈАЗИЧНИОТ КУРС ЗА НАСТАВНИЦИ КАДЕ ЕДЕН НАСТАВНИК ОД УЧИЛИШТЕТО ПРИСУСТВУВАШЕ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЈАЗИЧНИ ВЕШТИНИ НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК. БЕШЕ ОДБРАНО ТОКМУ ОВА УЧИЛИШТЕ БИДЕЈЌИ КИПАР ДОЛГИ ГОДИНИ БЕШЕ АНГЛИСКА КОЛОНИЈА И НА ОСТРОВОТ СЕ УШТЕ Е ПРИСУТНА ТРАДИЦИЈАТА ЗА ИЗУЧУВАЊЕ ПАРАЛЕЛНО СО ГРЧКИОТ И НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, БИДЕЈЌИ ИМА ГОЛЕМ БРОЈ НА УЧИЛИШТА КОИ НУДАТ РАЗНИ КУРСЕВИ ЗА ИЗУЧУВАЊЕ НА АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК, ВО ЗАВИСНОСТ ОД НИВОТО НА ЈАЗИЧНИТЕ КОМПЕТЕНЦИИ.

ПСИХОЛОГОТ НА УЧИЛИШТЕТО, ДИРЕКТОРОТ И ЕДЕН ОДДЕЛЕНСКИ НАСТАВНИК ПОСЕТИЈА ПАРТНЕР УЧИЛИШТЕ ВО ИСТАНБУЛ, ТУРЦИЈА КАДЕ ИМАА МОЖНОСТ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО РАБОТАТА НА ИСТОТО И ДА РАЗМЕНАТ ИСКУСТВА И НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ КОИ ЌЕ МОЖАТ ДА ГИ ПРИМЕНАТ НА СВОЕТО РАБОТНО МЕСТО.

СИТЕ ОВИЕ МОБИЛНОСТИ СЕ НЕЗАБОРАВНИ ИСКУСТВА КОИ УЧЕСНИЦИТЕ ЌЕ ГИ ПАМЕТАТ ДОЛГО И СО КОИ ЌЕ ГИ ПОДОБРАТ СВОИТЕ ОБРАЗОВНИ, ЈАЗИЧНИ КОМПЕТЕНЦИИ, СТЕКНУВАЈЌИ ДОЛГОТРАЈНИ ПРИЈАТЕЛСТВА КОИ ЌЕ ТРААТ ДОЛГО И ПОСЛЕ ЗАВРШУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ. АКРЕДИТАЦИЈАТА НА УЧИЛИШТЕТО ПРОДОЛЖУВА И ВО НАРЕДНИТЕ ГОДИНИ. СЕ НАДЕВАМЕ НА СЛИЧНИ ИСКУСТВА ВО УШТЕ ПОГОЛЕМ ОБЕМ ВО ТЕКОТ НА НАРЕДНИТЕ НЕКОЛКУ ГОДИНИ.



# НАСТАНИ

ВО ПОСЕТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ БЕА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ И ВОЛОНТЕРИ НА ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ, ПО ПОВОД 5-ТИ ДЕКЕМВРИ, СВЕТСКИОТ ДЕН НА ВОЛОНТЕРСТВОТО. ВО ОВАА ПРИЛИКА ТИЕ ПОРАЗГОВАРАА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ВОЛОНТЕРИТЕ И ЗА СВЕЧЕНИОТ НАСТАН ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ОВОЈ ЗНАЧАЕН ДЕН.

ВОЛОНТИРАЊЕТО ПРЕТСТАВУВА ИСКЛУЧИТЕЛНО ЗНАЧАЕН СЕГМЕНТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ НАСЕКАДЕ ВО СВЕТОТ. ПРИДОНЕСОТ НА ВОЛОНТЕРИТЕ ГО ПОДОБРУВА ЖИВОТОТ НА РАНЛИВОТО НАСЕЛЕНИЕ СО КОЕ РАБОТАТ И ГО ПОДОБРУВА ЖИВОТОТ НА ВОЛОНТЕРИТЕ И НИВНИТЕ ЗАЕДНИЦИ.



ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА УЧЕНИЦИТЕ ОД ЧЕТВРТО ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ТОШО ВЕЛКОВ ПЕПЕТО" КАВАДАРЦИ, А ПОВОД БЕШЕ ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА.

УЧЕНИЦИТЕ БЕА ПРИМЕНИ ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ТИЕ МУ ПОДАРИЈА ПОРТРЕТ, СВЕЖО СВЕЌЕ И НОВОГОДИШНИ КОЛАЧИЊА, ПО ШТО БЕА ЗАПОЗНАТИ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА И ИМ БЕШЕ ОДГОВОРЕНО НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА КОИ ГИ ПОСЕДУВААТ.



ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ БЕА УЧЕНИЦИТЕ ОД 4 ОДДЕЛЕНИЕ ПРИ ООУ „ТОДЕ ХАЏИ ТЕФОВ" КАВАДАРЦИ, А ПОВОД БЕШЕ ДОПОЛНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ МАТЕРИЈАЛ ЗА НАДЛЕЖНОСТИ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ГРАДОНАЧАЛНИК И СОВЕТ НА ОПШТИНА.
УЧЕНИЦИТЕ БЕА ПРИМЕНИ ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, БЕА ЗАПОЗНАТИ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ И СОВЕТОТ, И ИМ БЕШЕ ОДГОВОРЕНО НА ПОСТАВЕНИТЕ ПРАШАЊА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА КОИ ГИ ПОСЕДУВААТ.



ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ И НА СРЕДБА СО ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, Г-ДИН СТОЈАНЧО РАМОВ БЕА Г-ДИН УРС УНКАУФ ПРЕТСТАВНИК ОД АСОЦИЈАЦИЈАТА ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА ВО РЕПУБЛИКА СОЈУЗНА ГЕРМАНИЈА, КАКО И ПРЕТСТАВНИЦИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ, СО ДИРЕКТОРОТ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН Г-ДИН САШО МОШЕВ.
НА СРЕДБАТА СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТА ЗА ПОБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАД КАВАДАРЦИ СО ГРАД ОД ГЕРМАНИЈА СО СЛИЧЕН ИНТЕРЕС, И СЕКАКО ЗА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ БИЗНИС СЕКТОРОТ ОД ВАРДАРСКИОТ РЕГИОН СО БИЗНИС СЕКТОРОТ ВО ГЕРМАНИЈА.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИЗРАЗИ ИНТЕРЕС ЗА СОРАБОТКА СО ШТО ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРЕВЗЕМАТ АКТИВНОСТИТЕ ЗАЕДНО СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА ИСТИТЕ ВО ИДНИНА.



ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ПРЕКУ ПРОЕКТ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ДИРЕКТОРОТ САШО МОШЕВ, ИМАШЕ РАБОТЕН СОСТАНОК СО МИНИСТЕРОТ ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА РИСТО ПЕНОВ, ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ВЕЛЕС, НЕГОТИНО И СВЕТИ НИКОЛЕ, СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД АМБАСАДАТА НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, КАКО И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАКЕДОНСКО - ТУРСКАТА СТОПАНСКА КОМОРА НА КОЈ СЕ РАЗГОВАРАШЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ИДНА СОРАБОТКА СЕ СО ЦЕЛ РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИДНИ ПРОЕКТИ КОИ ШТО БИ ЗНАЧЕЛЕ РАЗВОЈ НА ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН.ОД СТРАНА НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ МОЖНОСТИТЕ ЗА РАЗВОЈ НА НАШИОТ РЕГИОН, ДОДЕКА ОД СТРАНА НА ОФИЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТСТАВНИЦИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА МАТТО БЕА ПРЕЗЕНТИРАНИ РАЗВОЈНИТЕ ПРОЕКТИ НА НИВО НА ЦЕЛА ДРЖАВА.



# НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ИМАШЕ ПРЕДНОВОГОДИШНА ПРОГРАМА, ПОЧНУВАЈЌИ ОД 27 ДЕКЕМВРИ СЕКОЈ ДЕН, ДО 31 ДЕКЕМВРИ.

-НА 27, 28 И 29 ДЕКЕМВРИ ДЕЧИЊАТА ОД СИТЕ ОСНОВНИ ОПШТИНСКИ УЧИЛИШТА УЖИВАА ВО НОВОГОДИШНИТЕ ПОПУЛАРНИ, ЕДУКАТИВНИ И ИНТЕРАКТИВНИ ДЕТСКИ ПРЕТСТАВИ „КАДЕ Е РУДОЛФ“ И „МУЗЕЈОТ НА ДЕДО МРАЗ“ ПО ШТО ЗА ИСТИТЕ ИМАШЕ ОРГАНИЗИРАНО ДОДЕЛУВАЊЕ НА НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА ОД СТРАНА НА НЕКОЛКУМИНА ДЕДО МРАЗОВЦИ, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, Д-Р СТОЈАНЧО РАМОВ. ИСТОВРЕМЕНО ДЕДО МРАЗОВЦИТЕ ГИ ПОСЕТИЈА СИТЕ ОБЈЕКТИ НА ЈОУДГ „РАДА ПОЦЕВА“, ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ЗА ЛИЦА СО ТЕЛЕСНА И ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО РАЗВОЈОТ, ЦЕНТАРОТ ЗА ПОМОШ НА ЛИЦА СО МЕНТАЛЕН ХЕНДИКЕП – „ПОРАКА" НЕГОТИНО, НА ДЕЧИЊАТА КОИ МОМЕНТАЛНО СЕ НА ДЕТСКО ОДДЕЛЕНИЕ ВО ЈЗУ ОПШТА БОЛНИЦА КАВАДАРЦИ И ЛИЦАТА ОД ДНЕВНИОТ ЦЕНТАР ПРИ О.О „СТРАШО ПИНЏУР" КАВАДАРЦИ, ЗАЕДНО СО ОМИЛЕНИТЕ ЛИКОВИ НА ДЕЦАТА САНИ И СТЕЛА, КАДЕ ШТО СЕ ДРУЖЕА, СЛИКАА И ТАМУ ГИ ДОБИЈА СВОИТЕ НОВОГОДИШНИ ПОДАРОЦИ.





- НА 30 ДЕКЕМВРИ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ, НАСТАП ИМАА ДЕЦАТА ОД ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛ ГРОЗДОБЕРЧЕ.

1.ТРАДИЦИОНАЛЕН НОВОГОДИШЕН ПРИЕМ ОРГАНИЗИРАН ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ Г-ДИН МИТКО ЈАНЧЕВ И СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

2.ФОТОГРАФИРАЊЕ СО ДЕДО МРАЗ.

-НА 31 ДЕКЕМВРИ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ ИМАШЕ НОВОГОДИШНА ТРКА СО ДЕДО МРАЗОВЦИ, ОРГАНИЗИРАНИ ДЕЦА ВО ЧЕТИРИ ГРУПИ, ЗА КОИ СИТЕ ИМАШЕ НОВОГОДИШНИ ПАКЕТЧИЊА А ЗА НАЈБРЗИТЕ ДОПОЛНТЕЛНИ ПОДАРОЦИ.

1. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ТИКВЕШКИ СЕМЕЈНИ ВИНАРИИ ОРГАНИЗИРАШЕ ДЕГУСТАЦИЈА НА ВИНА И МАЛА ЗАКУСКА ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ.
2. ОД 22:00 ЧАСОТ НА ГРАДСКИ ПЛОШТАД КАВАДАРЦИ, СО НАСТАП НА ГРУПАТА НА ДИМО ДУЛОТ И АНГЕЛ ЏАМБАС, ЗАЕДНО СО ГОЛЕМ БРОЈ НА ГРАЃАНИ, СО МАКЕДОНСКА НАРОДНА МУЗИКА, ОРА И ПЕСНИ, ЈА ИСПРАТИВМЕ СТАРАТА И ДОЧЕКАВМЕ НОВАТА 2023 ГОДИНА, ПО ШТО СЛЕДУВАШЕ СПЕКТАКУЛАРЕН ОГНОМЕТ И ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ КОЈ УПАТИ ЧЕСТИТКИ ДО СИТЕ ГРАЃАНИ И ИМ ПОСАКА НАЈМНОГУ, ЗДРАВЈЕ, ЉУБОВ И СРЕЌА.
3. ТРАДИЦИОНАЛНО ВО ПРВИТЕ МИНУТИ ОД НОВАТА ГОДИНА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ГИ ПОСЕТИ ВРАБОТЕНИТЕ КОИ БЕА НА СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА НОВОГОДИШНАТА НОЌ ВО КОЛ ЦЕНТАРОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА, БРЗА ПОМОШ, ОПШТА БОЛНИЦА, ПРОТИВПОЖАРНАТА ЕДИНИЦА И РЦ ЈУГ ГРАНИЧНА ПОЛИЦИЈА КАВАДАРЦИ И ПРИТОА ИМ ВРАЧИ ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ.















Општинско јавно гласило

**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**

**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа

**Уредник:** Лилјана Митрова

**Печати:** печатница Графо Пром Битола

**Насловна фотографија:** Тони Јошески

Тираж 300 броја

**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**